УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА • СКОПЈЕ



# КИНЕСКИ ТРАДИЦИОНАЛНИ СЛИКИ

## КИНЕСКИ ТРАДИЦИОНАЛНИ СЛИКИ

Кинеската ликовна уметност има древна историја. Најстарата кинеска слика, зачувана до денес е создадена пред 2400 години, откога и датираат почетоците на традиционалното кинеско сликарство. Во вториот век е откриена и хартијата за пишување, која придонесе за развојот на ликовната уметност и за популарност на сликите на кинеските сликари меѓу населението. Оттогаш започнува и традицијата за Нова година да се подаруваат слики на своите блиски и пријатели, чија содржина е тематски поврзана со благосостојбата во семејството, здравјето на децата, плодородноста... Составен дел од сликите се потписите и текстовите, кои композициски чинат целина. Потписите се изработени со голема калиграфска умешност, а текстот најчесто е во форма на стихови. За националната кинеска графика и сликарство важи принципот "сликарство во поезијата и поезија во сликарството". Кинеските сликари со големо професионално умеење и виртуозност го изведуваат повеќеслојното размачкување на тушот на сликата и на специјалните водени бои од растително потекло. Разнесувањето на тушот на површината на хартијата, разредувањето и густината на боите, со кои се добива пространост и материјалност на предметите исто така бара големо мајсторство.

Уште од древни времиња, кинеските мајстори почнале да сликаат на лепези. Дека лепезите или на кинески "биан миан"(кои порано служеле за покривање на лицето на дамите) имаат долга историја во Кина сведочи лепезата од бамбус пронајдена во 206

година пред н.е. во гробницата на династијата Сихан во градот Чанша во провинцијата Хунан. Лепезата, префинето исплетена во облик на трапез е украсена со декоративни шари и рачка, обвиткана во ткаен материјал.

Лепезите на расклопување или "џе шан" прво се направени во Кореја, а подоцна се прифатени во Кина од северната династија Бејсун (10 век). Тие имале посебна уметничка вредност кога сликарите и калиграфите почнале на нив да ги изработуваат своите дела. Специфичниот облик на лепезите на расклопување бара посебен стил на сликање и калиграфија.

"Туан шан" или тркалезните лепези, прифатени од династијата Нансун и Јуан, исто така биле интересни за сликање и испишување калиграфски букви. Ги употребувале и династиите Минг(14-17век) и Чин (17-20 век). Биле помалку популарни од лепезите на расклопување.

На изложбата се претставени 60-тина традиционални кинески слики на ролни и 100-тина слики и калиграфии на лепези од периодот на династијата Минг и Чин. Застапени се уметници, кои живееле и твореле во времето на двете династии и се претставени приближно сите сликарски школи со карактеристичните уметнички белези за двата периода. На лепезите можат да се видат дела на врвните мајстори од времето на династијата Минг и Чин: Танг Боху, Џенг Банччао и Рен Бониан. Ваквите лепези и денес претставуваат ретки уметнички предмети.

Традиционалното кинеско сликарство,кое ги постави основите за развој на современата ликовна уметност, е обновено во втората

половина на 19 век и е зачувано до денешни дни. Во 30-те години од 20-от век тоа доживува повторно расцут. На изложбата се претставени и дела во туш и акварел од современи кинески мајстори: Сјуи Бејхон со "Коњ", "Орел", "Пиленца", "Коњ на поило", Ли Кежан со "Во пресрет на пролетта", "Пастирче со флејта", Жен Бениен со " Човечка фигура" , "Патка", У Чаншо со " Мејхуа", " Бамбус и камења", Чен Сумиен со " На реката" и други.

---

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА:
АМБАСАДА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И
УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
25. 09 - 10. 10. 1997